# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Ова Известување дава општи информации за обработката на лични податоци на субјектите на лични податоци од страна на **МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД СКОПЈЕ** со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.5, со ЕМБС: 4058836 и ЕДБ: 4030964258164 (во понатамошниот текст: **Контролор**).

Известување за заштита на лични податоци се однесува на сите вработени и ангажирани лица кај Контролорот, лица кои поднесуваат пријава по основ на објавен оглас за вработување кај Контролорот, лица кои се гости и клиенти во подружниците на Контролорот, и сите други лица чии податоци ги обработува Контролорот (во понатамошниот текст: „субјект(и) на лични податоци").

Контролорот ја почитува приватноста на субјектите на лични податоци и е посветен на праведна и транспарентна заштита и обработка на нивните лични податоци, во согласност со правилата за заштита на личните податоци предвидени во Законот за заштита на личните податоци, и од таа причина со ова Известување ги дава следните информации кои се неопходни за обезбедување на правична и транспарентна обработка:

- **Идентитетот и контакт податоците на контролорот**

Контролорот во рамките на својот делокруг на работење при вршењето на дејноста врши собирање, чување и обработка на лични податоци, поради што се јавува во улога на Контролор на лични податоци.

Личните податоци се обработуваат во согласност со одредбите од Законот за заштита на лични податоци и подзаконските акти.

За обработка на личните податоци Контролорот има воспоставено систем за заштита на лични податоци, кој опфаќа соодветни технички и организациски мерки за обезбедување ниво на безбедност и кој е разработен преку повеќе интерни акти.

- **Офицерот за заштита на личните податоци;**

Офицер за заштита на лични податоци во Македонијатурист АД Скопје е лицето Јелена Цветковиќ Икономова, е-маил адреса dpo@act.com.mk и контакт телефон: 070/340-951.

За дополнителни информации и/или остварување на права за заштита на лични податоци, субјектите на лични податоци може да го контактираат Офицерот за заштита на лични податоци.

- **Целите на обработката за коишто личните податоци се наменети**

Контролорот собира и врши обработка на лични податоци со цел успешно извршување на:

1. **Постапката за вработување/ангажирање на субјектот на лични податоци кај Контролорот, како и во целиот тек на работниот однос/ангажманот кај Контролорот**

Контролорот собира, чува, обработува и користи лични податоци за своите вработени/ангажирани лица што тие ги даваат во контекст на нивниот работен однос со Контролорот, за да може да се засноваат работниот однос заради управување со правата и обврските на вработениот што произлегуваат од истите (одмор, отсуства, бенефиции, наградување, унапредување) и заради исполнување на правата и обврските на Контролорот што произлегуваат од истите (вклучително обука и оценка на перформансите на вработениот и организирање службени патувања за вработениот), како и за исполнување на законските обврски на Контролорот

Без овие податоци Контролорот нема да може да воспостави работен однос со субјектот на лични податоци - како вработен/ангажиран.

## 2. Користење на услуги од страна на клиенти/гости во подружниците на Контролорот

Контролорот заради евиденција на клиенти/гости во подружниците на Контролорот, собира, чува и обработува лични податоци на клиенти/гости во согласност со Законот за угостителска дејност, при што задолжително ги обработува следните категории на лични податоци: име и презиме, датум на раѓање, адреса на живеење или престојување (за домашни гости) или држава на потекло (за странски гости), број на патна исправа или број на лична карта (за домашни гости).

За учество во Програмата за лојалност на IHG Hotels Limited - IHG® One Rewards loyalty program или вклучување во маркетинг активности на Best Western, како и на Контролорот, Контролорот обезбедува согласност од субјектот на лични податоци.

## 3. Евиденција на акционери во Друштвото и исплата на дивиденда

Контролорот заради евиденција на акционери кај Контролорот и исплата на дивиденда, собира, чува и обработува лични податоци на клиенти/гости во согласност со законски и подзаконски акти, при што задолжително ги обработува следните категории на лични податоци: име и презиме, адреса на живеење или престојување, единствен матичен број, број на трансакциска сметка.

Контролорот врши обработка на матичниот број на граѓанинот само по претходна изречна согласност на субјектот на лични податоци или за остварување на, со закон утврдени права или обврски на субјектот на лични податоци или свои, како и во други случаи утврдени со закон, но не врши системска и обемна обработка на матични броеви.

Контролорот води сметка матичниот број на граѓанинот да не биде непотребно видлив, печатен или преземен од збирка на лични податоци.

- **Правната основа за обработката**

Контролорот врши обработка на личните податоци во согласност со законските основи за вршење на истата, и тоа следните:

- Обработка врз основа на согласност

Контролорот, врши обработка на личните податоци врз основа на претходно добиена согласност од субјектот на лични податоци за една или повеќе конкретни цели.

Оваа основа за обработка на лични податоци се користи кога потпишувате Изјава за согласност за обработка на Вашите лични податоци од страна на Контролорот.

- **Легитимни интереси:**

Кога обработката се врши врз основа на легитимни интереси, како такви се сметаат:

- оперативност и функционалност на вршењето на работа;
- обезбедување на услуги на Контролорот,
- внатрешни административни цели;
- управување,планирање и организација на работењето на Контролорот,
- воспоставување, управување и поддршка на односите со клиенти со цел обезбедување на континуирано и непречено работење на Контролорот;
- остварување на деловна соработка со други физички и правни лица;
- управување со човечките ресурси, вклучително за анализа на работната сила, утврдување на потребите за обука, унапредување, трансфер и развој на вработените и управување со работните задачи на вработените;
- проверка за идентитетот на вработениот, заради контрола на пристап до сопственоста, податоците и доверливите информации на Контролорот;
- заштита на интересите на Контролорот, посебно при постапување по поплаки, спроведување на интерни истраги, заштита на правните интереси на Контролорот, вклучително преку поведување на судски постапки;
- собирање повратни информации од вработениот во врска со деловните процеси и процесите на управување со човечки ресурси на Контролорот и испраќање на соопштенија и други деловни комуникации.

- **Корисниците или категориите на корисници на личните податоци, доколку ги има:**

Лични податоци може да се откријат на надлежни органи во земјата кои се овластени да собираат такви податоци, на пр: Агенција за вработување, Управа за јавни приходи, Државен инспекторат за труд итн.), и во случаи утврдени со позитивни законски прописи кога Контролорот е должен да открие лични податоци на надлежни органи.

- **Обработувачи на лични податоци**

Контролорот нема ангажирано надворешни обработувачи.

Во случај да ангажира надворешни обработувачи, Контролорот е должен да ги ангажира согласно законските одредби за истото и донесената Процедура за ангажирање на обработувач

- **Пренос на лични податоци во трета земја или меѓународна организација**

Контролорот врши пренос на лични податоци и за вршење на пренос постапува согласно одредбите на Законот за заштита на лични податоци за пренос на лични податоци.

- **Временскиот период за кој ќе се чуваат личните податоци**

Податоците кои ги собира Контролорот се чуваат во согласност со законските акти и периодот потребен за постигнување на целта на обработката.

Податоците за вработените се чуваат за целиот период додека важи договорот за вработување и сè додека може да се истакне тужбено или друго правозаштитно барање против или од страна на Контролорот, освен ако применливите закони бараат да се чуваат податоците за подолг период.

Податоците за клиентите/гостите и акционерите се чуваат не подолго од она што е потребно за целите поради кои биле собрани и обработени личните податоци,  односно целосно завршување на одреден деловен однос или давање на одредена услуга.

За одредени категории на лични податоци постојат определени рокови на чување предвидени со применливи закони, како што е утврдено интерните акти на Контролорот од област на заштита на лични податоци.

- **Права на субјектите**

Контролорот им гарантира на субјектите на лични податоци дека имаат право на пристап, исправка, бришење на неговите/нејзините лични податоци, ограничување на обработката, право на приговор за обработката, право на преносливост на податоците, како и право да не биде предмет на одлука заснована единствено на автоматизирана обработка, под условите предвидени во Законот за заштита на лични податоци, како и во Политиката за правата на субјектите на лични податоци.

Субјектите на лични податоци имаат право до Контролорот да поднесат:
- Барање за пристап до информациите за обработка на лични податоци,
- Барање за исправка на моите лични податоци,
- Барање за бришење на лични податоци и
- Барање за ограничување на обработка на моите лични податоци.

Наведените барања им се достапни на субјектите на лични податоци на веб-сајтот на Македонијатурист АД Скопје https://makedonijaturist.com.mk/ и во подружниците на Македонијатурист АД Скопје на рецепција.

Субјектот на лични податоци, покрај до Контролорот, има право да поднесе барање во врска своите права за лични податоци и до Агенцијата за заштита на лични податоци.

- **Повлекување согласност**

Кога за основата за обработка на лични податоци е дадена согласност од субјектот на лични податоци, истиот има право на повлекување на согласноста во секое време, без да се влијае на законитоста на обработката која била заснована на согласноста пред истата да биде повлечена.

- **Информација за обврската за давање лични податоци**

Контролорот во зависност од воспоставениот однос со него, го известува субјектот дали давањето на личните податоци е законска или договорна обврска или услов кој е потребен за склучување на договор, како и дали субјектот на личните податоци има обврска да ги даде личните податоци и можните последици ако овие податоци не бидат дадени;

- **Автоматизиран процес на одлучување**

Контролорот не врши автоматизиран процес на одлучување.

Во случај на постоење на автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи го и профилирањето, како и во оние случаи кога е вклучена значајна информација за логички поврзаните процеси на обработка, Контролорот има обврска да го извести субјектот на личните податоци за значењето и предвидените последици од таквата обработка.

- **Категориите на лични податоци**

Контролорот по потреба може да ги собира и ги обработува следните категории на лични податоци:

- име и презиме
- податоци за раѓањето (датум, време и место на раѓање)
- единствен матичен број на граѓанинот
- број на лична карта и/или патна исправа
- адреса на живеење/престојување
- контакт информации (на пр. број на телефон, e-mail, итн.),
- образование
- професија
- работно место и
- трансакциска сметка и/или број на платежен документ

Контролорот не обработува посебни категории на лични податоци.

- **Извор на личните податоци и доколку е применливо, дали податоците се од јавно достапни извори**

Контролорот собира лични податоци директно од субјектот на лични податоци, а во спротивно има обврска на барање на субјектот да го извести за изворот на личните податоци.

- **Податоци за контакт со Контролорот и неговиот офицер за заштита на лични податоци**

Во случај на какви било прашања, поплаки и други прашања поврзани со приватноста на податоците, како и за остварување на правата на субјектот на личните податоци, субјектот на лични податоци може да контактира со Контролорот и неговиот офицер за заштита на лични податоци преку е-пошта, како што е наведено во точка 2 од ова Известување.